**Пред повеќе од еден век битолски браќа оставиле богатството од 10 иљади златни фунти во Националната банка на Грција, со обврска главнината да остане за банката, но каматата да се користи во Битола за добротворни цели.**



Георги Трајчев (1869 - 1945), познат и како Веститилов, во второто поглавје од книгата „Белешки за интригите и аспирациите на елинизмот во Македонија' објавена во Софија 1904 година, говори за следното: - Инвазијата од страна на Грците (1877 год.) на Отоманската територија; - Грција на Берлинскиот конгрес, Мислење на конгресот; - Конференција во Превеза; - Албанците испраќаат комесари во Европа; - Грците прават молба и избират двајца комесари; - Детали за Јанинскиот грчки комитет во однос на присоединувањето на Епир; - Исправка (на границата) предлагана од Муктар паша и др. За сто ова тој ќе напише:

„Во 1877, Русија од оправдани причини и објави војна на Турција. Но Грција, без да има никакви причини ја искористи ситуацијата меѓу двете држави и испрати во Тесалија една армија составена од редовни војници и од волонтери, повикани од секаде. Потоа, започнаа борби на височините на Воло, во Платано, во Литохори, меѓу Платамона и Катерини. Борби се водеа уште и во Сент-Каранта во Албанија...

Но, откако народот не востана масовно, и покрај ветувањата на фанариотското православно свештенство и на елинските агенти, Су ... требаше да ја испразни Тесалија. (Сепак), оваа шепа луѓе имаа еден успех. Англија посредуваше и ја обврза Грција да ги повлече своите војници и ветила да издејствува повеќе при уредувањето на Руско-турската прашање отколку што би извлекле самата со луди авантури. Победени во Тесалија и во Албанија, Грците беа среќни да имаат изговор за да се повлечат од земјите во кои беа упаднале и да се воздржат од нови упади.

Во време на конечното уредување во Берлин (1878), согласно со своите ветувања, Англија побара и овозможи на Грција да биде таму претставена. Обвинета е Франција дека била донесена иницијатива за такво нешто. Но, Barthélémy St Hilaire проговорил официјално за тоа комромитирачко тврдење и за тоа ја обвинил Англија.

Во Берлин, грчките комесари Рангави и Делиани ја побарале Тесалија, Епир и Крит, а го чекаа моментот да побараат уште повеќе. Биконсфилд останал вџашен од една таква монструозна претензија, направена од држава која ништо не спечалилa со оружје во раката и која ако се следеше добро, не заслужила дури да биде примена на банкетот на држави. Но орудие на Гамбета, кој беше наговорен од Грците од страна на некојси Kòkkino, име непознато на нас, некаков крст за почести или некаква титула на Атически државјанин, Wadington станал орган на елинските претензии.

Берлинскиот конгрес од заседанието од 1- ви јули пак ќе забележи: "Конгресот ја поканува Високата Порта да се разбере со Грција за исправка на границите во Тесалија и во Епир; и е на мнение дека тоа зацрвстување, може да следува по реката Саламбрија (стариот Пенеј) кон Егејското Море, и реката Касамас, од страна на Јонското Море. Конгресот верува дека заинтересираните земји ќе успеат да се договорат. Притоа тие се подготвени (европските сили) да го предложат своето непосредно посредништво пред двете страни." И соодветно од 24-тиот член од договорот: "Тие се разположени да предложат свое посредништво на двете страни, за да се олеснат преговорите."

Ние застануваме тука во изложеното решение на конгресот, како свршена работа. Испуштаме да ја сместиме на кратко интерпретацијата на грчката влада против тоа решение (како незадоволување на големата идеја), одговорот на француската влада преку својот амбасадор во Атина, дека Грција, ако претендира многу ќе загуби сè, малодушност на Грците од овој одговор. Такви детали можат да се изложат во една полема книга.

И така, кога го разгледуваме решението на конгресот, гледаме три нешта: I. - Една покана за спогодба (Грција и Турција),  II. - Едно мислење за простирање на границата и III. - Еден предлог за посредништво, во случај кога заинтересираните страни не би можеле да се спогодат.

Тогаш за исправка на границата се одржаа конференции, прво во Превеза (февруари и март 1879); после во Цариград, кон крајот на 1880 и на почетокот на 1881 година. Во

Превеза, Отоманскиот Комесар бил Гази Муктар паша ( името на грчкиот комесар не е познат).

По пристигнувањето на комисарите, Албанците се вознемириле. Во никој случај тие не сакале да бидат присоединети кон Грција. Исто така, тие побрзале да изберат и да испратат една делегација пред Европеските дворови.... Двајца претставници веднаш тргнале за Рим, Париз и Лондон. - Дали тие потоа биле во Берлин и во Виена, не можеме да потврдиме, но тврдат дека е веројатно.

По известувањето за нивното заминување, Јанинците или подобро партизаните на соединувањето, излегле од темнината во кој биле скриени. И тие исто дале една молба до кралот Георги и ги испратиле Спиро Манарис и Димитри Хасиотис да одат и да го заштитат во Европа правото на гркоманите. Манарис и Хасиотис, се дезертери, турски поданици, опремени со лажни пасоши. Роден во Загора, од другата страна на Каламас, Хасиотис не е дури по потекло од одбележаните земји во Берлинскиот конгрес кои како такви би можеле да бидат присоединети на Грција. -

Молбата до кралот Георги била напишана зад иконостасот во Јанинските цркви. Владиката Софрониос председател на комитетот за присоединувањето на Епир го легализирал подписите. Но, кога тој после го видел својот потврден потпис во Англиската книга, Blue - Bouk, побрзал да протестира пред валијата и пред консулите. Природно е дека валијата и консулите ги предале на своите влади ова скандалиозно барање.

Наместо ние самите да искажеме своите забелешки за содржината на тоа молба, ќе оставиме министерот за надворешни работи на Франција да одговори на министерот на надворешни работи на Грција: "Сите големи сили дадоа на знаење на Атина, потпирајќи се врз самиот текст од актите на конгресот и особено на IX-тиот протокол, дека Европа мислела само да им даде на двете земји (Грција и Турција) еден пријателски совет, без да нанесе повреда на суверените права на Султанот; и следствено новата гранична линија, советувана од конференцијата нема обврзувачки карактер. "

Но да се навратам на Јанинскиот комитет и врз неговите дејствија. Агент на овој комитет, Георги Маниакас, ги поминал од едно до друго сите села на Загора (во Јанина. Вилает); и на секаде тој се договарал со видните жители, укажувајќи им на времето кога би избувнала војна меѓу Турција и Грција, и за начинот на кој ќе добијат оружјето и

барутот испратени од Грција..

Што се однесува за Ламбридис од Скамнели, преоблечен како археолог, задолжен од Комундурос да го третира соединувањето од една страна на Албанија со главните бегови и лица на земјата, тој ги поминал сите градови на горна и на средна Албанија. Дурацо, Скадар, Призрен, Ѓаково, Дебар, Корча, Берат, Авлона, Ѓирокастро, Плјата, Маргарита, Превеза...

Лесно се договориле за заемно дејствување: Албанците ќе ја атакува империјалните армии од една страна, Грците - од друга страна. Но, потоа како да разделат млинот? Кабинетот на кралот Георги сакал да ја премести до Дурацо (Драч) границата на хеленското кралство. Албанските бегови пак не сакале да жртвуват половината од својата земја со ослободувањето на другата. Усвоена од Комундурос, но отфрлена од кабинетот на кралот Георги, Конвенцијата не продолжила. Г. Ламбридис дал оставка и бил заменет од Д-р Кахиотис...

.... Што се однесува до молбата до кралот Георги таа не била разнесувана од куќа во куќа, но потпишана е во црквите, зад иконостасот. Дали тоа беше за да се скријат подобре од Турците, па за тоа, Комитетот и митрополитот постапиле така? Не, тоа беше за да се фанатизира повеќе народот, и да го натераат да верува дека за да се присоедини Епир кон Грција е света должност за сите... Беспредметно е да додадеме дека со потписи на делегацијата станувашe истото како со молбата. - Верни или лажни, едните и другите таму биле поистоветувани, скриени зад Голема идеја, ги воделе подпишувачите како што го водат коњот за уздата... Како и да е, од гнасните интриги и од поддршката прикажана кон Грците од екс-Италијанецот Гамбета и и од екс-Англичанец Wadington од конференциите во Превеза остана мртва буква.

Врз нивните предлози ќе забележам само дека атинските комесари го сакале целиот Епир дури до Каламас, а пак Отоманските комесари прифатиле една исправка на границите само во Тесалија; таква поправка на границата која го оставаше Воло на Турција, а и даваше на Грција само јужната страна во една права линија, која почнува од едно село на југ од Воло и се завршуваше до Заливот на Арта....“

Како подготвувачи на овој прилог од книгата на Трајчев, на кратко ќе се навратиме нзад во текстот каде се говори за собирањето на средства од христијаните. Авторот на „Белешки за интригите и аспирациите на елинизмот во Македонија’ на почетокот на 20

век ќе напише:

„- Безполезно е тука да бројат патувањата во странство, весниците чии продажни пера ги откупија и брошурите печатени кои го имаа предвид соединувањето на Епир со Грција. За сето ова се грижеше посочениот комитет, со собраната помош и со фондовите на Јанинското Средно училиште. Таа гимназија имала големи приходи. Од тогаш таа е оптоварени со големи долгови. И наместо да ги даваат на сиромасите месечните надоместоци кои им ги давале порано, почнале да ги одржуваат како семејствата на настраданите владини заговорници, така и самите заговорници.

Но, за да си имаат читателите целосна претстава за Јанинското Средно училиште, за неговите приходи, го изнесуваме следното: Таа гимназија, во Епир била една од најдобрите грчки образовни институции во Европа: Според податоците кои ги извлековме од г. Аравантинос, историчар од Јанина, таа гимназија поседувала капитал од 1,107,610 рубљи во Московската банка, потоа 143,800 форинти во Виенската и 515,000 драхми во Атинската банка.

Од каде доаѓал капиталот доверен на Московската, Виенската и Атинската банка? Од изворот од каде доаѓал некогаш капиталот доверен во Венецијанската банка... Сите, без никаков исклучок, биле направени од трговци Власи и Албанци. Но многу повеќе од Власите, меѓу другите од браќата Зосима од Грамос, истата фамилија, која некогаш дала на охридскиот престол и еден патријарх.

Всушност, такви големи институции за кои Грците не дале ниту една паричка, за што се употребува денес? Не е ли за да се елинизираат Власите и Албанците... Во трговијата и во јавната администрација, да ли се видело некогаш и некаде во светот една по гнасна дисперзија на суми! -

Грците имаат уште бројни училишта и добро се изградени во Битола, каде нема никакви Грци. Како и на други места, така и ваму училиштата се изградени од Власи, имено од браќата Пиника. Младите, додека уште биле абаџии, тие заработувале одвај по еден грош на ден. Потоа тие отишле во Египет, каде се збогатиле и денес изградиле во Битола, едно чудесно училиште, вистинска палата, каде под управувањето на владиката и на грчкиот конзул ги погрчуваат (македонските) и влашките девојки.

За колкави средства се работеше читателите може да види во изложената забелешка во која стои: „Во текот на пролетта, во 1881, еден комитет се формирал во Јанина, со цел да пристапи Епир кон Грција. Овој Комитет го имал за председател митрополитот Софрониј, за секретар аптекарот Зоис, и за главни членови: Стилос, Фидиос, Минискос, Василиадис, Вуладимос синот на Меку, голем дел од професорите и медицинското тело. Така организиран, Комитетот собирал од секаде помош и потписи. Помош се давале во пари и во натура. Скржавецот Сакелариу вложил сам 30 турски лири во рацете на комитетот. И најсиромавиот од христианите не дал помалку од една бела меџидија (20 гроша). “

Ако Георги Трајчев говори дека битолските браќа Пиника изградиле едно чудесно училиште, во поново време, од текстот објавен во македонските медиуми, може да се види колкави средства битолските браќа вложиле за образование и за други потреби на своите сограѓани. Во овој текст можеме да го прочитаме следното:

„Досега безуспешно, две децении, битолскиот професор Александар Стериовски се обидува на Битола да и го врати големото богатство што пред повеќе од еден век и го оставиле браќата Пиника. Богатството од 10 илјади златни фунти останало во Националната банка на Грција, со обврска главнината да остане за банката, но каматата да се користи во Битола за добротворни цели. Но, јужниот сосед сега не признава дека постои таков тестамент.

„Јас 20 години се борам да се обидеме да се добијат тие пари. Знаете што значи сто години, камата на камата. Малку ми е и смешно, веројатно ме третираат како Дох Кихот кој се бори со ветерните мелници. Но, јас парите ги барам за градот. Најдов адвокат битолски кој се виде со адвокат од Солун. Тој бил во Атина во банката, а од таму му рекле дека таков тестамент нема. Јас го имам тестаментот, на грчки јазик е“, вели Стериовски.

Пари од донацијата стигнувале се до 1926 година, а потоа испораките запреле. „Причина да прекине таа достава била тоа што Битола тогаш територијално се проширила. Станала област која опфаќала простор од Дебар до Струмица. Нашле рачка Грците дека тестаментот не одговара на фактичката состојбата. Сега треба, не пари да даваат, не за некој град, туку за цела област и ги прекинале доставите“, објаснува професорот.

Инаку браќата Јован и Теохар Димитриу, познати како Пиника, биле сиромашни битолчани кои живееле во 19 век. За да го платат патот за печалба од црквата „Св. Димитрија“ во Битола украле сребрен бутир. Ветиле дека ако спечалат пари, стократно тоа ќе го вратат. Заминале во Александрија и станале богати луѓе. Ја помагале Битола, го обновиле покривот во „Свети Димитрија“, го изградиле стариот објект од библиотеката, подготвувале чеиз за сиромашни девојки и друго.“ (преземено - Ж. Здравска за Радио Слободна Европа, 02.08.2012).

Од сето ова погоре изложено може да се види дека Грците никогаш не го смениле своето однесување.